Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 29-1041
Дата: 13.07.2026 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, кој го донесува инспекцискиот акт врз основа на член 32 став 2 од Законот за инспекциски надзор во животната средина (Службен весник на РСМ бр. 99/22, 03/25), во согласност со член 52 став 1 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Службен весник на РСМ бр. 215/21) и член 59 став 1 точка 19 од Законот за дополнителните текови на отпад (Службен весник на РСМ бр. 216/21, 195/22), во врска со извршениот контролен инспекциски надзор над работењето на субјектот на надзор Друштво за трговија, услуги и производство ПАВЛОС Ј КОНДЕЛИС ЛЛЦ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ Велес, со седиште на ул. Академик Пенчо Давчев бр. 124 Велес, застапувано од Харалампос Мавридис - управител., а врз основа на фактичката состојба утврдена со Записник бр. 29-1041 од 09.07.2026г. го донесе следното:


Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Друштво за трговија, услуги и производство ПАВЛОС Ј КОНДЕЛИС ЛЛЦ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ Велес, со седиште на ул. Академик Пенчо Давчев бр. 124 Велес, да ги отстрани недостатоците констатирани во записникот ИП1 бр. 29-1041 од 09.07.2026г. и тоа:

   1.1 Да го плати надоместокот за количините масла увезени во државата за 2024година, во износ пресметан во согласност со член 23 од Законот за управување со дополнители текови на отпад, на посебна уплатна сметка на органот за животна средина/Министерството за животна средина и просторно планирање.
   Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субектот на инспекциски надзор од точката 1. на диспозитивот на овој инспекциски акт, е должен веднаш по истекот на најдолгиот рок определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена по истекот на истата писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

3. Жалбата изјавена против овој инспекциски акт, не го одлага неговото извршување.

Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

[redacted]

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022 изврши контролен инспекциски надзор над Друштво за трговија, услуги и производство ПАВЛОС Ј КОНДЕЛИС ЛЛЦ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ Велес, со седиште на ул. Академик Пенчо Давчев бр. 124 Велес и состави Записник бр. 29-1041 од 09.07.2026г., во кој е констатирано дека:

ДИЖС донесе решение ИП1 бр. 29-1041 од 30.10.2025г. со опомена на субјектот на надзор:

1.1 Да се регистрира во Регистерот на производители кај стручниот орган-Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.
1.2 Да направи пресметка за вкупната количина масла кои се пуштени на пазарот во 2024г., да го плати надоместокот за управување со овој тек на отпад и да обезбеди потврда за платен надоместок.
1.3 Да ја исполни обврската за остварување на проширената одговорност на производителот преку воспоставување на самостоен систем за управување со посебните текови на отпад или вклучување во состем на колективен постапувач за управување со посебен тек на отпад.

При спроведени контролни надзори се констатира дека мерките 1.1 и 1.3 од решението се извршени.

Во врска со извршување на мерката 1.2 од решението, при контролниот надзор од 15.06.2026г. се констатира дека субјектот на надзор направил пресметка за вкупните количини на увезено масло за 2024г. и 2025г. за што приложи Пресметки изготвени на рака посебно за 2024г. и 2025г.
За 2024г. се увезени во државата 8.220л моторно масло, 7.320л трасмисионо масло и 40л масло за кочници, односно вкупно 15.580л масло.
За 2025г. се увезени 10.260л моторно масло, 5.900л трасмисионо масло, односно вкупно 16.160л масло.
Сите овие количини субјектот ги пријавил кај колективниот постапувач ОИЛТЕК ДОО Скопје во еден Извештај за период од 01.01.2024г. до 31.12.2025г. со назив Квартален извештај бр. 4/25, со прилог Финансиска картица – потврда дека е извршено плаќањето, Преглед на месечни/квартални извештаи за 2025г., Извод од сметка бр. 148 за 24.12.2025г., кои се прифатени од колективниот постапувач како вкупни количини за две години, за што е издадена Потврда за уплатен

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

надоместок за управување со 31,740 тони масла пуштани на пазарот за 2025г. од страна на колективниот постапувач.

Во врска со горенаведеното се констатира дека субјектот на надзор склучил договор со колективниот постапувач ОИЛТЕК ДОО Скопје во 2025г. Бидејќи субјектот увезувал масла и во 2024 година, а немал склучено договор со колективниот постапувач, тој законски морал да плати надоместок директно на државата (преку Министерството за животна средина), за 2024 година.
Пријавување на збирни количини кај колективниот постапувач за период од 01.01.2024г. до 31.12.2025г. и прифаќање од негова страна, не е во согласност со член 18 став 1 алинеја 1 и став 3, 4 и 5 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови отпад.
Надоместокот, обврската за начинот на пресметување, уплатување како и за водење на евиденција за пресметаниот и уплатениот надоместок се утврдени во член 23 и член 24 Законот за управување со дополнителни текови на отпад (Службен весник на РСМ бр. 216/21).
Во член 25 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад се утврдени случаите за ослободување на обврската за плаќање на надоместокот од членот 23 став 1 од законот.

Бидејќи склучениот договор со колективниот постапувач не може да има ретроактивно дејство, надоместокот за количините масла увезени во 2024 година мора да се плати на органот за животна средина на посебна уплатна сметка, во согласност со член 23 став 8 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад.

Договорот со колективниот постапувач од 2025 година е правно неприменлив за 2024 година и законски не може да покрие пресметка и уплата за увоз на масла од 2024 година.

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:

- <u>Мерката 1.2 од решението не е извршена согласно закон, односно недостатоците утврдени при контролниот надзор не се отстранети во целост.</u>

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекциски акт.

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

[redacted]

**ПРАВНА ПОУКА:** Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истиот.
За жалбата се плаќа административна такса од 250,00 (двеста и педесет) денари на: Назив на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија, жиро сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722 315 00, Цел на дознака: Административна такса.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243